| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција, општина Богданци, општина Гевгелија, општина Демир Капија и општина Неготино |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Дик Чакар-Партнерс Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски на РСМ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Славица Чавдаровска, диа |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | ул. Народен Фронт бр. 5-4/9, 1000 Скопје<br>телефон: 3112-361 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), чл. 17, став (4), Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење се донесува за подрачја за супраструктурни и инфраструктурни комплекси, системи, градби и придружни градби од државно значење или во функција на градби од државно значење, а особено за:<br>1. зони во заштитени подрачја согласно со закон;<br>2. специјални зони за потребите на одбраната на Република Северна Македонија;<br>3. погранични градби;<br>4. системи за минерална експлоатација од државно значење согласно со закон;<br>5. сообраќајни коридори со јавни патишта, шински инфраструктури и придружни градби;<br>6. инфраструктурни коридори, водови и градби од меѓународен, републички, регионален или повеќе општински карактер;<br>7. брани, акумулациони езера и хидроенергетски системи од државно значење согласно со закон и<br>8. други видови на подрачја и градби од државно значење согласно со ставот (2) на овој член и Правилникот за урбанистичко планирање од членот 24 на овој закон. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| За предметната траса се работи за нов плански опфат без историја на планирање иако делови од планскиот опфат навлегуваат во веќе донесени урбанистичко плански документации на општините Богданци, Гевгелија, Демир Капија и Неготино, но во истите не била предвидина трасата на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – енергетика.<br>Реализацијата на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција, општина Богданци, општина Гевгелија, општина Демир Капија и општина Неготино, ќе биде во функција на развој на економијата и согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија и треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив и национален развој.<br><br>**Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година**<br>Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно што се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија:<br>• Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;<br>• Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;<br>• Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово повторно искористување, отстранување на прифатлив начин;<br>• Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;<br>• Користење на обновливи извори на енергија;<br>• Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет;<br>• Избегнување, спречување или намалување на бучавата. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |
| |

| Да √<br>Не | Член: 3 | Точка: 4 | Алинеја: 3 |
|---|---|---|---|

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Да, Овој проект Интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција се наоѓа во Прилог 1 – Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина, точка 13 – Цевководи за пренос на гас, нафта или хемикалии со дијаметар поголем од 700mm и/или со должина повеќе од 40km и за него е потребно да се спроведе постапката за ОВЖС и за тоа да се изработи соодветна Студија.

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Не.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Оваа гасоводна делница претставува дел од Националниот гасификационен систем во Република Северна Македонија. Со оваа гасоводна делница се обезбедува спој на постојната магистрална мрежа во РСМ со гасоводната мрежа во Грција. Проектот Интерконектор Северна Македонија-Грција претставува стратегиска делница која ќе обезбеди алтернатива во снабдувањето на Република Северна Македонија со Гас преку оваа нова делница во должина од 55км на територија во Грција и 66,66 км на територија во Северна Македонија од каде преку постојната мрежа и нова планирана мрежа кон Косово и Србија ќе се обезбеди сигурно снабдување со гас и во регионот (Косово; јужен дел од Србија).

- ја поддржува гасификацијата на земјата со обезбедување на интерконекциска точка што може да снабдува големи количини на гас за да се задоволи очекуваниот раст на побарувачката,
- обезбедат сигурност во снабдувањето со нудење диверзификација на извори на снабдување,
- се обезбедува интеграција на пазарот со цел да им се овозможи на потрошувачите во Северна Македонија да имаат цени на гасот слични на оние на соседните земји,
- нуди одржлив извор на енергија за земјата која има слаб индекс на интензитет на емисија.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2022 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/

Делницата за интерконекција меѓу Северна Македонија и Грција е со должина од 66+518,68 km и со пречник Ф700, Површината на планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција е 173.88 ha (1738810.6965 m2).

Подрачјето зафатено со планскиот опфат, т.е. предметната локација на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција се наоѓа во Општина Богданци, Општина Гевгелија, Општина Демир Капија и Општина Неготино.

Делницата почнува од границата со Грција во близина на селото Идомени и градот Гевгелија, каде што ќе заврши грчкиот дел од гасоводот. Крајна точка на оваа делница ќе биде на веќе изградената вентил станица (блок станица БС 08), во близина на градот Неготино.

Трасата почнува од границата со Грција, кај месноста Средно Било и преку обработливо земјоделско земјиште низ месноста Малеолу се упатува кон ридско подрачје во месноста Голи рид од каде продолжува низ подрачјето на Стојаково поминувајќи југозападно од населбата каде се пресекува со локалниот асфалтен пат Богородица-Стојаково тангирајќи го планскиот градежен опфат на Стојаково и преку месноста Рудина (го тангира археолошкиот реон Рудина) се приближува кон трасата од нафтоводот Солун – Скопје и на безбедна паралелна оддалеченост од нафтоводот (поголема од 50 м), на км 6+185.00 се разминува со 400 Кв

далновод и на км 6+220 со далновод 110 Кв од каде потоа се упатува кон регионалниот Асфалтен пат Гевгелија-Богданци. Пред разминувањето со Регионалниот пат Гевгелија - Богданци на км 6+500 во месноста Белик чаир се предвидува изградба на првата линиска - Блок станица BVS-I1 км 6+860,00, Појдовно-приемна чистачка станица LRS-I1 км 6+735,00 за идно поврзување на делницата за снабдување со гас на југоисточниот регион (Гевгелија, Богданци, Струмица).

По разминување со регионалниот пат Гевгелија - Богданци трасата продолжува западно кон месноста долна Ада каде поминува под река Вардар и уливот на река Семенинска, на км 9+783 и на км 10+452 се пресекува со далноводи 110 Кв, и преку месностите Керамидарница (го тангира археолошкиот реон Керамидарница) и Гладно поле на јужниот дел од с. Прдејци се разминува со навтоводот Солун-Скопје, железничката линија Солун - Скопје (Атина – Минхен) и новиот автопат А1 Гевгелија-Скопје-Куманово. Во овој дел трасата поминува низ земјоделски површини со насади, без падини и на стандардно паралелно растојание поголемо од 50 метри од нафтоводот Солун - Скопје. По разминување со Автопатот А1 Гасоводот исто така се разминува и со Асфалтниот пат Прдејци–Негорци и продолжува кон север поминува под река Кованска и скренува северозападно тангирајќи ја археолошката област Главица од нејзината јужна страна и на км 17+125 повторно се разминува со нафтоводот Солун-Скопје тангирајќи ја археолошката област Коњари од нејзината источна страна. Понатаму трасата продолжува низ планински дел заобиколувајќи ја концесијата за каменолом во месноста Лира и од км 19+000 поминувајќи по сртовите Било, Голи рид , маслински рид, Врла Страна и Каменлив рид па низ висорамнинскиот дел од месностите Ширини, Гладно поле и Гојкова Чука тангирајќи ја археолошката област Градиште и ридот Митивир од јужна страна, поминува под река Петрушка при што на км 28+700 се предвидува втората линиска Блок станица BVS-I2 км 28+730,00. Веднаш по Блок Станицата на км 28+800 трасата поминува под локалниот асфалтен пат Миравци-Габрово-Петрово и се упатува преку месноста Градиште кон долината на Стара река каде се разминува со 400Кв далновод и следејќи ја трасата од нафтоводот Солун-Скопје од неговата десна страна преку сртовите Прибилски рид, Чуката, Древенот и Гола Чука се упатува кон проектниот опфат од втерниот парк "Калтун Енерџи". Поради лошиот планински терен и барањата за соодветна оддалеченост од Ветерните турбини, гасоводната траса од км 35+000 до км 41+000 поминувајќи низ месностите Андонов рид, Стефан, Журот и Бегови ниви на три места се пресекува со Навтоводот Солун - Скопје и понатаму се упатува кон месноста Студена глава и сртовите Усов гров, Голем влас и Мал влас се спушта кон долината на Дренска река поминувајќи под критото на Маминска река и коритото на Дренска река низводно од Акумулацијата на Дренска река се разминува со 400 Кв далновод и заобиколувајќи го селото Дрен од неговата источна страна, преку месноста Вчјак и археолошката област оризарски гробишта се упатува источно од селото Чифлик при што на км 51+160,00 се предвидува третата линиска Блок станица BVS-I3. Веднаш по Блок станицата трасата поминува испод регионалната траса на асфалтниот пат Д.Капија – Дрен и на км 51+650 се пресекува со Навтоводот Солун-Скопје и се упатува кон устието на реките Дошница и Бошава поминувајќи непосредно пред нивниот спој и поминувајќи во непосредна близина на локалниот рибник се упатува кон месноста големо брдо поминувајќи под локалниот асфалтен пат Д.Капија – Бесвица. Понатаму преку месностите Козинови Горници, Ѓеренот и Гагови ниви се разминува со 400Кв далновод и се приближува кон селото прждево заобиколувајќи го од неговата источна страна западно од археолошката област Бугдашна глава. По поминување испод локалниот Асфалтен пат кон с. Прждево преку висорамнинскиот предел Тиклик и месностите Атанасица, Аѓупка, Соколче и Пороите трасата се разминува со 400Кв далновод и се упатува кон новопроектираната Редукциска станица PRS-I1 км 66+275,00 и постојната Блок станица бр.8 која трба да биде спојна точка со постојната магистрална гасоводна мрежа.

Планскиот опфат кој е предмет на разработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција е дефиниран на графичките прилози, истиот поминува низ следните катастарски општини: КО Богоридица, КО Стојаково, КО Богданци вон град, КО Ѓавато, КО Негорци, КО Прдејци, КО Смоквица, КО Габрово, КО Петрово, КО Миравци-вгр, Припаѓа на КО Демир Капија, КО Дрен, КО Чифлик, КО Прждево, КО Тремник, КО Дуброво, КО Тимјаник, КО Неготино.

Дел од планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција од стационажа км 5+821.09 до км 5+835.59 навлегува во опфатот на планска документација Проект за инфраструктура за систем за водоснабдување на с.Селемли од бунарско подрачје во општина Богданци. Дел од планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција навлегува во опфатот на

планска документација УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО за изградба на ОТКУПНО-ДИСТРИБУТИВНИ ЦЕНТРИ ЗА СВЕЖО ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК, ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА во м.в. "Горни Чаир", КО Богданци, општина Богданци.

Дел од планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција од стационжа км 8+294.04 до км 8+359.98 навлегува во опфатот на планска документација Урбанистички проект за експлоатациски бунари општина Богданци.

Дел од планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција навлегува во опфатот на планска документација Урбанистички план за с.Прдејци општина Гевгелија.

Дел од планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција од стационжа км 16+78.42 до км 17+34.86 навлегува во опфатот на планска документација УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА - "БИЛОТО", КО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА.

Дел од планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција од стационжа км 36+238.28 до км 36+311.93, од км 36+756,58 до км 36+767,06, од км 38+738.76 до км 38+759,9, од км 39+604,36 до км 39+615,96, од км 47+624,87 до км 47+637,79 навлегува во опфатот на планска документација ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК ДРЕН, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА И ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА.

Дел од планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција од стационжа км 39+604,36 до км 39+616,37, од км 41+819,3 до км41+834,53 навлегува во опфатот на планска документација Проект за инфраструктура за изградба на ветерен парк Дрен - ДЕЛ 2, Општина Демир Капија.

Дел од планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција од стационжа км 48+328,55 до км 48+356,46, од км 56+251,95 до км 56+279,65 навлегува во опфатот на планска документација ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛЕКОВОД 110кв ТС 110/33кв "ВЕЦ ДЕМИР КАПИЈА (ДРЕН)" - ТС 400/110кв "ДУБРОВО" И ЗА ИЗГРАДБА НА ТРАФОСТАНИЦА ТС 110/33кв "ВЕЦ ДЕМИР КАПИЈА (ДРЕН)" КО ТРЕМНИК - ОПШТИНА НЕГОТИНО, КО ПРЖДЕВО, КО ДЕМИР КАПИЈА, КО БЕСВИЦА, КО ЧИФЛИК, КО ДРЕН - ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА, КО ПЕТРОВО - ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА.

Дел од планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција навлегува во опфатот на планската документација УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА С.ЧИФЛИК, К.О. ЧИФЛИК, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА.

Дел од планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција од стационжа км 51+228,33 до км 51+231,65 навлегува во опфатот на планска документација ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРНА ГРАДБА, ЗА МХЕЦ ДОШНИЦА И ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ КО ЧИФЛИК, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА.

Дел од планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција од стационжа км 52+533,87 до км 52+534,91 навлегува во опфатот на планската документација ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРНА ГРАДБА ЗА ИЗГРАДБА НА 20kV ПОДЗЕМЕН ЕЛ.ВОД ОД МХЕЦ БОШАВИЦА ДО ТС Д.КАПИЈА, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА.

Дел од планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција од стационжа км 57+937.38 до км 57+939.68 навлегува во опфатот на планската документација ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЛИНИСКИ ВОДОВОДЕН ВОД Ф63ММ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА „ДЕТОИЛ" КО ПРЖДЕВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА.

Дел од планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција од стационжа км 65+253,37 до км 65+993.7 навлегува во опфатот на планската документација УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА КОМПЛЕКС СО НАМЕНА ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА НАКП 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16 и 79/18, м.в."ЦРВЕН БРЕГ", КО ТИМЈАНИК и на КП 278/3, 278/5 и 278/6, м.в."БУНАРЈЕТО", КО ДУБРОВО ОПШТИНА НЕГОТИНО.

Површината на планскиот опфат е 173.87 ха (1738744.2м²).







Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да √

| | |
|---|---|
| Не | |
| **Дали е приложена копија од целите?** | |
| Да<br>Не √ | |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Овој урбанистички план нема да предизвика значително влијание врз животната средина. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Досегашниот просторен развиток го наметнува прашањето за неискористени потенцијали кои просторот и неговото пошироко опкружување ги поседува, а кои се откриени и утврдени низ методолошки пристап кој опфаќа:<br>• Валоризација на погодностите и ограничувањата за просторен развиток на регионот.<br>• Проекција на потребите и можностите за остварување на зацртаните цели на развојот и во согласност со нив дефинирање на критериумите, стандардите и плански параметри со кои ќе се утврдат функционалните и просторни потреби на сите подрачја на развиток.<br>• Усогласување на програмските определби и планските параметри на идниот развиток со насоките на Просторниот план на Републиката.<br>• Концепт на идниот развој со основни параметри во планирањето.<br>• Валоризација на погодностите, можностите и ограничувањата на идниот просторен развој на планот.<br>• Усогласување на концепцијата за идниот развој со согледувањата и насоките кои произлегуваат од Просторниот план на Републиката. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за |

<table>
<tr><td></td><td>семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.<br>Планскиот опфат кој е предмет на разработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција е дефиниран на графичките прилози, истиот поминува низ следните катастарски општини: КО Богоридица, КО Стојаково, КО Богданци вон град, КО Ѓавато, КО Негорци, КО Прдејци, КО Смоквица, КО Габрово, КО Петрово, КО Миравци-вгр, Припаѓа на КО Демир Капија, КО Дрен, КО Чифлик, КО Прждево, КО Тремник, КО Дуброво, КО Тимјаник, КО Неготино.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Областа со реализација на планот ќе добие зголемена вредност.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Согласно Студијата за заштита на природно наследство изготвена за потребите на Просторниот план на РМ, констатирано е дека предметниот плански опфат поминува преку предложеното подрачје за заштита Студена Глава и преку подрачјето Копришница значајно за зачувување и управување со одредени видови. Имено, за овие подрачја не се предлага нивно прогласување во некоја од шесте категории на заштита, туку соодветни мерки за заштита на видовите треба да се вклучат во релевантните просторно плански документи или секторски стратегии за искористување на земјиштето.<br>Согласно допис бр. 08-1696/2 од 23.06.2022 година од Министерство за култура-Управа за заштита на културно наследство, во границите на планскиот опфат, не постои регистрирано културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>При водењето на трасата обрнато е внимание на избегнување на урбаните подрачја на населените места кои се тангирани со трасата. Трасата гравно поминува низ неизградено и земјоделско земјиште. Во просторот опфатен со Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција евидентирани се градежни објекти:<br>1. Помошен земјоделски објект (км 4+175)<br>2. Помошен земјоделски објект (км 4+425)<br>3. Рибник (вкопани базени) км 52+264.</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на</td><td>Нема.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **национални или меѓународни заштитени подрачја.** | |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Со донесувањето на овој план ќе следат и поголеми странски и домашни инвестиции од различни сфери од економијата. Со Урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на економијата. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Имплементацијата на планската содржина предвидена со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за стопански развој.<br>Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:<br>Воздух: зголемена фрекфенција на возила од работни активности;<br>Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства;<br>Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни отпадни води.<br>Почва: несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.<br>Културно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра од културно и историско значење;<br>Пејсаж: планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;<br>Транспорт: зголемена фрекфенција на возила;<br>Отпад: генерирање на отпад во фазата на изградба.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Како основа за изготвување на оваа урбанистичка документација послужија Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција, општина Богданци, општина Гевгелија, општина Демир Капија и општина Неготино, кои услови произлегуваат од Просторниот План на Р. Македонија, а изготвени од страна на Агенцијата за |

планирање на просторот.
Овој план е поврзан со следниве документи:

- Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**
Делови од опфатот биле разгледуван во други плански документи.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**
Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.
Овој проект Интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција се наоѓа во Прилог 1 – Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина, точка 13 – Цевководи за пренос на гас, нафта или хемикалии со дијаметар поголем од 700mm и/или со должина повеќе од 40km и за него е потребно да се спроведе постапката за ОВЖС и за тоа да се изработи соодветна Студија.
За овој објект има изработена Студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер<br>Благој Бочварски<br>М.П. |
| Бр.08-3863/13<br>Датум 06.10.2017 година<br>Место: Скопје | |